# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>07.12.2012 год.<br>БРОЈ 13 ГОДИНА 47 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Заклучок | **2** |
| **2.** | Одлука за започнување на постапката за доделување на договор за давање под краткотраен закуп на паркинг простори во општина Охрид | **3** |
| **3.** | Одлука за предлагање прогласување на заштитено подрачје Студенчишко блато во категорија- Споменик на природата | **5** |
| **4.** | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид | **6** |
| **5.** | Одлука за именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид | **8** |
| **6.** | Заклучок | **9** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот , што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 год.

**Број 08 -5280/3**
**05.12.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**

Советот на општина Охрид искажува загриженост поради одземањето на ингеренциите од страна на Собранието и Владата на Република Македонија , како и за нетранспарентноста во врска со иницијативата за изградба на хотелски комплекс на потегот Љубаништа – Св. Наум и изградба на аеродром на вода во Охридското Езеро.

Советот на општина Охрид ги поддржува сите инвестиции , особено оние од областа во туризмот, но секогаш го има во предвид одржливиот економски развој, заштита на животната средина, Охридското Езеро и градот Охрид како светско културно наследство“ .

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5280/3**
**05.12.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ДАВАЊЕ ПОД КРАТКОТРАЕН ЗАКУП НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за започнување на постапката за доделување на договор за давање под краткотраен закуп на паркинг простори во општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 год.

**Број 08 -5280/4**
**05.12.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 46 и 47 од Законот за градежно земјиште ( „Сл.весник на РМ“ бр. 38/11 .....147/12 ) и член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Службен гласник на општина Охрид бр. 08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ДАВАЊЕ ПОД КРАТКОТРАЕН ЗАКУП НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Советот на општина Охрид донесува Одлука за доделување договор за давање под краткотраен закуп на паркинг простори во општина Охрид .

**Член 2**

Се спроведува постапка за доделување на договор за краткотраен закуп на паркинг простори со јавно надавање, согласно Законот за градежно земјиште.

**Член 3**

Одлуката за започнување на постапката за доделување на договор за краткотраен закуп на паркинг простори со јавно надавање се донесува заради остварување на следните цели:

- Да се унапреди чувството на сигурност на движење и удобност на престој во централното градско подрачје.
- Решавање на проблемот со одвивањето на динамичкиот и стационарниот сообраќај во централното градско подрачје .
- Применување мерки, начини и постапки за усклaдување на сегашниот однос на побарување и понуда за паркинг места во постојаните просторни односи и ограничувања.
- Зголемување на квалитетот и квантитетот на понудата за паркирање.
- Унапредувањето на постоечката состојба да се основа на познати и успешно спроведени методи во слично стрктуирани градови во Европа.
- Решенијата да се базираат на законитоста на пазарното работење, како и на постоечките закони и законски прописи.
- Да се заштитат и унапредат постоечките структурни односи на домицилното население и останатите корисници на просторот.
- Да се унапреди сликата на градот на целните зафати.

**Член 4**

Почетната цена за јавното надавање за краткотраен закуп на паркинг просторите се утврдува на износ од 2 000 000,оо денари на годишно ниво .

**Член 5**

Постапката за избор на најповолен понудувач ќе ја спроведе Комисија за јавно наддавање, формирана од страна на Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 6**

Одлуката за избор на најповолен понудувач, на предлог на Комисијата, ја донесува Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-5280/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**05.12.2012 год.** **Претседател,**
**Охрид** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ СТУДЕНЧИШКО БЛАТО ВО КАТЕГОРИЈА - СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за предлагање прогласување на заштитено подрачје Студенчишко блато во категорија- Споменик на природата , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 год.

**Број 08 -5280/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**05.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), како и член 94 став 1 од Законот за заштита на природата („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06 и 84/07, 35/10 и 47/11), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 год. ја донесе следната

## О Д Л У К А
### ЗА ПРЕДЛАГАЊЕ ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ СТУДЕНЧИШКО БЛАТО ВО КАТЕГОРИЈА-СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА

**Член 1**

Се предлага прогласување на заштитено подрачје Студенчишко блато во категорија – Споменик на природата.

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука се: картографскиот приказ и Интегрираната студија за состојбата на остаток од Студенчишко блато и преземените мерки за негова ревитализација .

**Член 3**

Оваа одлука ќе се достави до надлежното Министерство за животна средина.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид “.

**Број 07- 5280/5**
**05.12.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА “ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување членови од Управниот Одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 год.

**Број 08 - 5280/6**
**05.12.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА “ ОХРИД**

**Член 1**

Од членови на Управниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид **СЕ РАЗРЕШУВААТ:**

- **СЛАВИЦА САНДРЕСКА**
- **ЈУЛИЈАНА СЕРАФИМОСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5280/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**05.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА “ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување членови во Управниот Одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 год.

**Број 08 - 5280/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**05.12.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 5 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 28.11.2012 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈОУДГ ЗА ДЕЦА „ЈАСНА РИСТЕСКА “ ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Управниот одбор на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ Охрид **СЕ ИМЕНУВААТ:**

- **ПЕРИХАН САЛИ**
- **РЕНАТА КОЧОСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5280/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**05.12.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот , што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 год.

**Број 08 - 5280/8**
**05.12.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.12.2012 година, го донесе следниот :

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува локалната самоуправа од средствата предвидени во Буџетот на општина Охрид ставка – постојна и тековна резерва , да одвои средства и да се помогне на семејствата зафатени со пожарот во последните 10 дена, во санирање на последиците, односно обезбедување на основни елементарни услови за живот.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 5280/8**
**05.12.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески, с.р.**